Централна кооперативна банка АД Скопје

Врз основа на член 89, став 3, точка 26, а во врска со член 86, став 1, точка 3 од Законот за банките, Надзорниот одбор на Банката, на својата 214 (двесте и четиринаесетта) седница, одржана на 20.4.2026 година, го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

**за Извештајот на Друштвото за ревизија „РСМ Македонија“ ДООЕЛ Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на Централна кооперативна банка АД Скопје, изготвени за годината којашто завршува на 31.12.2025 година**

Друштвото за ревизија „РСМ Македонија“ ДООЕЛ Скопје во текот на ноември 2025 година, а потоа и во период март-април 2026 година, изврши ревизија на финансиските извештаи на Централна кооперативна банка АД Скопје за годината којашто завршува на 31 декември 2025 година, коишто вклучуваат Биланс на состојба, Извештај за сеопфатна добивка, Биланс на успех, Извештај за промени во капиталот и Извештај за паричните текови, како и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки подготвени во согласност со сметководствената регулатива којашто се применува во Република Северна Македонија.

Ревизијата на финансиските извештаи на Централна кооперативна банка АД Скопје е планирана и спроведена во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија и со Кодексот на етика, коишто ревизорите се обврзани да ги почитуваат.

При вршење ревизија на финансиските извештаи за 2025 година, Друштвото за ревизија „РСМ Македонија“ ДООЕЛ Скопје согласно со проценетиот ризик од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, вклучи соодветни постапки за стекнување ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи.

Друштвото за ревизија ја разгледа интерната контрола во сите сегменти на банкарското работење и процесите на сметководствено евидентирање, признавање и вреднување на позициите од Билансот на состојба и Билансот на успех.

**Надзорниот одбор го разгледа и го прифаќа Извештајот на независните ревизори од Друштвото за ревизија „РСМ Македонија“ ДООЕЛ Скопје за 2025 година.**

**Претседател на Надзорен одбор,**
**г-дин Тихомир Атанасов**